# РОМИТЕ ВО ЕВРОПА И ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Кратка илустрација




EUROPE HOUSE

# ПОТЕКЛО НА РОМИТЕ

Ромите потекнуваат од северозападниот дел на индискиот потконтинент. Тие се индоариевска раса, која во најголем дел живее во Европа. Нивната миграција почнала уште во првата половина од нашата ера, а најмасовното иселување од северот на Индија се одвивал пред околу еден милениум, за време на походите на султанот Махмуд од империјата Газнавид.

Поврзаноста на ромскиот јазик со хинду јазикот меѓу првите ја истакна германскиот лингвист Кристофер Рудигер во 1782 година, а понатаму и Хајнрих Грелман, Франц Миклошич, кои преку лингвистички истражувања докажаа дека Ромите имаат потекло од Индија. Антрополошки истражувања направиле и Блуменбах, а понатаму и Коперник, кои го поткрепија индиското потекло на Ромите.

Ромите од својата прататковина се иселуваат низ различни периоди, различни групи, различни места од северозападниот дел на индискиот потконтинент и мигрираат низ различни правци на движење, што всушност придонесе и кон диверзитет во нивната понатамошна култура.



# ТЕРМИНОТ „ЦИГАН“ НЕ Е НАЗИВОТ НА РОМИТЕ

Терминот „Цигани“ води потекло од старогрчкиот назив Атхиганос – Athiganos (Ἀθίγγανος) што во превод означува „недопирливи“, а се однесувал на една манихејска еретичка секта. Називот Атхиганоси, чија подоцнежна варијанта се променува во „Атциганои“, понатаму се поврзувала со Ромите, кои во Византија се претпоставува дека пристигнале во 11 век. Од терминот Атциганои произлегуваат и термините „cigano“, „çingene“, „cigány“, „zigeuner“, „tzigan“, „țigan“ и „zingaro“, што се користеле, а и сѐ уште се употребуваат во различни земји за опишување на Ромите низ Европа.

Зборот „Циган“ не е збор што потекнува од Ромите и е надвор од нивното говорно подрачје, односно од нивниот јазик. „Циган“ е производ на перцепциите на другите за Ромите. При употребата на терминот „Циган“, општеството ги стереотипизира Ромите и ги сведува на измамници, крадци, луѓе кои лажат, мрзливци, валкани и друг вид карактеристики со навредлива помисла.

Терминот со кој се идентификуваат припадниците на овој народ е називот „Роми“, односно „Ром“, што во буквален превод на ромски јазик означува луѓе, односно човек: Роми/manuša/луѓе – или Ром/manuš/човек. Овој термин го употребувале Ромите во минатото, а веќе од 1971 година станал и официјален назив на овој народ, кој претставува најголемо малцинство во Европа.


РОМ
≠
ЦИГАН

# ЈАЗИКОТ НА РОМИТЕ

Јазикот што го говорат Ромите се вика ромски јазик, односно romani čhib. Ромскиот јазик припаѓа на индоариевската група јазици, во семејството на индоевропски јазици. Најраниот документ на ромски јазик потекнува од 1542 година со 13 реченици објавени од англискиот лекар и писател Ендрју Бурд (Andrew Boorde).

Ромскиот јазик е многу богат и има многу дијалекти од кои балканско-ромскиот се смета за еден од поголемата група, каде што припаѓа и дијалектот арли, кој се употребува и во Република Северна Македонија.

Во 1980 година е издадена првата нормативна граматика на ромскиот јазик од страна на македонските автори Шаип Јусуф и Круме Кепески, а во 1998 година е публикуван првиот ромско-македонски речник од авторите д-р Трајко Петровски и д-р Боне Величковски.


ROMANI ČHIB

# РОМИТЕ ВО ЕВРОПА И НИВНИОТ СТАТУС

Често мигрирале од својата прататковина, но најмасовните преселувања се забележани по 11 век, кога поголема група Роми се преселува низ различни земји во светот. Низ патувањата, отсекогаш живееле на периферииите од градовите, бидејќи за другите народи биле „чуден народ“, а низ историските документи можат да се пронајдат и податоци дека биле нарекувани и како еретици, односно дека биле „недопирливи и нечисти“, таканаречени Атциганои, односно Цигани.

Поради својата етничка припадност, често биле робови, биле малтретирани, прогонети и убивани. Така, во Романија од 14 до крајот на 19 век, Ромите биле третирани како робови, во Германија, Рајхстагот во Фрајбург во 15 век донел указ за ловење и убивање на Ромите, во Франција во 16 век биле прогонувани, затворани и поробувани, во текот на 18 век шпанските власти имале право да ги ослепат и да ги убијат. Во кралството, пак, на Австро-Унгарија, со указите на Марија Терезија им било забрането да го говорат јазикот, да стапуваат во брак, па дури и да забременат.

Иако нивниот начин на живеење и јазик биле различни и неприфатливи за другите, сепак нивната култура дала значаен придонес во креирање на европската културна цивилизација, особено во музичката, танцовата, филмската индустрија и воопшто на металопреработувачката индустрија.

Иако не постојат официјални статистички податоци за ромското население во Европа, Ромите претставуваат најголемо европско малцинство со околу 12 до 15 милиони жители.


МИГРИРАЊЕ

# ГЕНОЦИД НАД РОМИТЕ

Геноцидот врз Ромите (Samudaripen, Parojmos, Kali Traš) бил планиран обид на нацистите и нивните сојузници да извршат етничко чистење врз европските Роми и Синти, кои со дополнителниот декрет на Нирнбершките закони од 1935 година биле класифицирани како „непријатели на државата“. Оттогаш врз ромската заедница се вршеле најмасовни злосторства, од асимилација до депортирање во нацистичките логори, од малтретирање и понижување до силување на жените Ромки, од медицински експерименти и стерилизација до истребување и убивање.

Бројот на жртви Роми во текот на Втората светска војна сè уште не е официјален и точен. Некои проценуваат дека нацистите убиле од 500.000 до 1 милион Роми и Синти. Но, некои ромски историчари, пак, проценуваат дека бројот бил многу поголем, можеби и над пет милиони, ако се земе предвид дека многу од Ромите не биле ниту евидентирани во официјалните документи.

Злосторствата врз Ромите и Синтите биле и официјално признаени во 1982 година од страна на германските власти, а во 2012 година, во Берлин се отвори и Меморијалот на Синтите и Ромите жртви на националсоцијализмот, каде што беше присутна и германската канцеларка Ангела Меркел.

Втори август е ден на ромскиот геноцид, денот кога била спроведена ликвидацијата на Ромите во таканаречениот „цигански камп“ во логорот Аушвиц-Биркенау, каде што биле убиени над 4.300 Роми. Овој ден и официјално е прогласен за Европски ден на холокаустот на Синтите и Ромите од страна на Европскиот парламент во 2015 година.



# МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА РОМИТЕ – ОСМИ АПРИЛ

Осми април е најзначајниот ден за Ромите во поновата современа историја на оваа заедница. Овој ден е прогласен за Меѓународен ден на Ромите и се одбележува по повод одржувањето на Првиот светски ромски конгрес во 1971 година во Лондон. За ромската заедница, осми април е значаен поради тоа што тогаш почна и поствоеното политичко организирање на Ромите на светско ниво, денот кога се поставија темелите на сплотената борба против неправдата, особено по злосторствата од Втората светска војна и денот кога се поставија темелите на современата ромска историја, јазик и култура.

На Конгресот се донесоа важни одлуки со кои се потврдува ромскиот идентитет, а кои претставуваат темел на ромството (Романипе) насекаде низ светот. Првата одлука се однесувала на именувањето на заедницата како последица од различните толкувања за Ромите во севкупната литература, како и во секојдневната комуникација. Така, заедничкиот назив на овој народ да биде Роми, односно Ром, што во буквален превод на ромски јазик означува луѓе, односно човек.

Ромско знаме: Двобоен дизајн, одвоен со средишна вертикална линија што на горната страна има сина боја што го означува небото, на долната страна зелена боја што ја означува земјата. Покрај овие бои, застапена е и црвената боја, отсликана со тркало, односно чакра со 16 краци. Автори на ромското знаме се индискиот делегат и дипломат Вир Раџендра Виши и унгарскиот лекар и ромски активист Јан Цибула.

Ромска химна: Официјална химна на Ромите била прогласена песната „Џелем, џелем“, која по првпат била објавена во 1949 година од Жарко Јовановиќ, чиј текст го раскажува патувањето на Ромите низ светот, како и патешествијата поминати во текот на Втората светска војна.


МЕЃУНАРОДЕН ДЕН, НА РОМИТЕ - ОСМИ АПРИЛ -

# РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Присуството на Ромите во поранешните југословенски простори, меѓу кои и на територијата на Северна Македонија, е забележано во 13 и 14 век, најмногу доселени во времето на српскиот крал Стефан Дечански (1285 – 1331). Најголем дел од Ромите на овие простори се населуваат за време на Османлиската Империја, а повеќето од нив се занимавале со ковачкиот занает, со трговија и музика. Токму поради тоа, најголем дел од Ромите во Република Северна Македонија се седентарен народ и припаѓаат на етнографската група Арлии, односно тукашни Роми.

Ромите себеси се нарекуваат како Роми, а сите други што не припаѓаат на ромската заедница се наречени како gadže (нероми, туѓинци). Тие припаѓаат на различни етнографски помали групи што меѓу себе се нарекуваат и како „барутчии", „топаанлии", „gavutne Roma (селски Роми), „џамбази", „ковачи", „приштевачи", „маџури" и други. Живеат во речиси сите градови во Република Северна Македонија во населби каде што мнозинство население е ромско: Скопје – Шуто Оризари и Топаана, Куманово – Средорек, Битола – Баир, Прилеп – Тризла итн.

Според последниот попис на населението од 2021 година, во Република Северна Македонија живеат 46.433 илјади Роми, односно 2,53 проценти од вкупното резидентно население во државата. Од аспект на религијата, Ромите во Република Северна Македонија најмногу ѝ припаѓаат на муслиманската вероисповед, но има и православни Роми и припадници на другите помали верски заедници.



# ОПШТИНАТА ШУТО ОРИЗАРИ

Шуто Оризари е најголемото населено место со мнозинско ромско население, кое живее во истоимената општина Шуто Оризари, формирана во 1996 година, во јавноста позната и како Шутка. На овој простор, Ромите, најмногу од градот Скопје, поконкретно од населбата Топаана, се населуваат по земјотресот што го зафати македонскиот главен град во 1963 година. Откако се преселуваат во Шуто Оризари, Ромите со себе ги носат и својата култура, традиција и јазик, кои ги негувале и претходно.

Иако ниту една општина или населба во нашата земја нема етнички предзнак, сепак за општеството во Република Северна Македонија, но и пошироко, Шуто Оризари е нарекувана како најголема и единствена ромска општина, бидејќи локалната самоуправа е раководена од градоначалник Ром и мнозинство на советници Роми. Тоа е местото каде што Ромите од оваа населба се чувствуваат најслободно при изразувањето и интерпретацијата на своите обреди и обичаи, култура и јазик.

Во општината им две основни училишта и едно средно училиште, ромските ученици наставата ја следат на македонски јазик, а својот мајчин јазик го изучуваат како изборен предмет. Свеста за образованието кај граѓаните Роми во оваа општина во последните две децении е значително подобрено. Па, така, младите од Шуто Оризари завршуваат високо образование, а некои од нив се магистри и доктори на науки.

Општината Шуто Оризари претставува мултиетнички културен простор, каде што, покрај Роми, живеат и Албанци, Македонци, Срби, Турци, Бошњаци и други. Најголем дел од граѓаните се припадници на муслиманската вероисповед, но има и припадници на помалите верски заедници. Според пописот на населението од 2021 година, во општината Шуто Оризари живеат 25.726 жители, од кои 11.267 илјади се Роми, додека другите се припадници на другите етнички заедници.


ШУТО ОРИЗАРИ
СКОПЈЕ

# РОМСКАТА МУЗИКА

Музиката, како едно од најраспространетите професии на Ромите, е дел од нивниот идентитет, бидејќи, како народ кој пропатувал од Индија, музиката и фолклорот ја понеле со себе преку усната традиција.

На многу од местата каде што живеат Ромите, тие станале познати како музичари. Така, Ромите придонеле за развојот на музиката на светско ниво. На пример, во Унгарија, голем придонес кон негувањето на народната унгарска музика дале и ромските композитори Пана Цинка (Panna Czinka) во 18 век и Писта Данко. Во контекст на ова би додале дека и познатиот танц фламенко (Flamenco) се карактеризира како ромски танц на андалузиските Роми во Шпанија. Голем придонес во светската џез-музика дал ромско-францускиот џез-гитарист Жан Рајнхард (Jean Reinhardt), познат со уметничко име Џанго (Django).

Тешко е да се дефинираат параметрите на унифицираниот ромски музички стил, бидејќи има многу разлики во мелодичните, хармоничните, ритмичките и формалните структури во песните од регион до регион. Поради тоа што патувале на големи растојанија, кај нив можат да се забележат мноштво влијанија од: византиски, грчки, арапски, индиски, персиски, турски, словенски, романски, шпански, па дури и еврејски музички форми.



# ЕСМА РЕЏЕПОВА

Есма Реџепова е светски позната пејачка, композиторка, хуманист и активист за човекови права. Родена е во Скопје во 1943 година. Својата кариера ја почнала на 13 години откако победила на музички натпревар на Радио Скопје. Заедно со нејзиниот ментор, а подоцна и животен партнер Стево Теодосиевски, формираат музички ансамбл Есма и Стево Теодосиевски, каде што го пропатуваат целиот свет со својата специфичност што потекнува од традиционалната ромска музика и фолклор.

За кратко време, Есма станала вистинска атракција и настапила пред Тито, индонезискиот претседател Сукарно, либискиот лидер Гадафи, индискиот премиер Индира Ганди и многу други светски политичари. Во 1976 година, настапила на ромскиот фестивал во Индија, Чандигар, и била прогласена за кралица на ромската музика.

Освен што пееше на ромски, Есма пееше на повеќе од десет различни јазици, а нејзината кариера траеше речиси 60 години, со над 22.000 настапи. Објави повеќе од 580 песни, меѓу кои имаше и две платинести и осум златни плочи. Одржа повеќе од 8.000 концерти во над 30 различни земји.

Во овој контекст треба да се истакне и улогата во македонската музика. Есма Реџепова ги испеа едни од најубавите македонски песни: „Зошто си ме мајко родила“, „Свадба македонска“, „Запеј Македонијо“, а заедно со македонскиот пејач Тоше Проески ја испеа песната „Магија“, која има примеси од ромскиот фолклор, а испеана е на македонски и ромски јазик.

Паралелно со својата светска музичка кариера, Есма беше и голем хуманист. Посвоила и одгледала 47 деца и често беше иницијатор на многу хуманитарни акции. За оваа нејзина активност двапати беше номинирана за Нобелова награда. За нејзиното творештво, живот и посветеност кон вистинските вредности, во 2013 година ја доби наградата Национален уметник.

Почина на 11 декември 2016 година. Како почит на жените кои придонеле во обликувањето на историјата на Европа, една метростаница во Брисел, Белгија, е именувана по нејзиното име.

## ФЕРУС МУСТАФОВ

Ферус Мустафов е светски познат музичар на инструментална музика на саксофон и кларинет. Овој македонски музичар, наречен и „Кралот на музиката", со ромско потекло од Штип, е роден на 20 декември во 1950 година. Неговата професионална кариера почнала на седумнаесетгодишна возраст, додека студирал виолина и кларинет во локалната музичка академија.

Со меѓународна публика се здобил преку изданијата на албумите на светските музички записи како што се „Глобус стил" и „Тропски". Продажбата на неговите албуми, во просек, изнесувала по 100.000 примероци.

Бил автор на многу ромски и нееромски композиции, а бил и музички директор на неколку фестивали во Република Северна Македонија. Неговиот стил на музика, внесувајќи го саксофонот како инструмент главно во свадбениот контекст, придонесе да се издигне ромската музика на меѓународен музички феномен и популарен стил. Патем, неговата интерпретација на музиката на традиционалниот танц „чочек" е нешто што се подразбира чочек стил во јавноста. Почина на 22 мај 2023 година во Скопје.

## ЏИЈАН ЕМИН

Џијан Емин е македонски музичар од светски рамки. Роден е во Скопје во 1974 година, како син на познатиот југословенски музичар Незир Еминовски, автор на песната „Чаше ломим". Својата кариера ја почнал како член на рок-групата „Архангел". Во Македонската филхармонија бил прв хорнист, а потоа и диригент и оркестратор на најзначајните концерти и настани, како на домашно, така и на меѓународно ниво.

Како музичар, настапувал со многубројни македонски и странски музичари во земјата и во странство: концертите „Скопје за Боуви" и „Пинк Флојд", музичко-сценскиот спектакл „Музика универзалис" заедно со Дерек Меј, настапот со Белградскиот симфониски оркестар и со Јуан Аткинс; концертот „Париз, те сакам"; мултимедијалниот проект „Neuland Sensorium", а ја оркестрирал музиката на Мет Феди, која била изведена на новогодишниот огномет во Дубаи.

Тој е еден од основачите на националниот џез-оркестар во Република Северна Македонија.

# БАЈСА АРИФОВСКА

Бајса Арифовска е жена Ромка, мултиинструменталистка, која познава и свири над 15 различни инструменти. Родена е во Кочани во 1978 година и е претставник на новата генерација на македонски и ромски музичари.

Завршила музичка академија и била професор по народни инструменти во средното музичко училиште „Илија Николовски-Луј“ од 2000 година. Била член на квартетот на Драган Даутовски, а од 2003 година Арифовска работела како аранжерка и диригентка на мандолински оркестар при ромскиот културен центар „Дархија“.

Самостојно учествувала во повеќе меѓународни музички проекти од областа на „светската музика“ (world music). Арифовска учествувала во снимањето на неколку музички албуми, а ја компонирала и музиката за балетот „Скршен сон“. Во моментот работи инструменталист од прв ред при Ансамблот за народни танци и игри „Танец“.



# ТРАДИЦИОНАЛНИ ТАНЦИ И ОРА КАЈ РОМИТЕ

## Традиционален ромски танц „чочек“

Ромскиот танц „чочек“ е танцувачко импровизирано движење на торзото, стомакот и рацете, додека чекорот на нозете е во место и во ритам на придружба во 9/8 или 7/8 метар. Овој танц повеќе се однесува на соло танцување на играчот, отколку на групно играње, односно оро. Повеќе го танцувале жените Ромки, но исто така импровизирани движења можат да се забележат и кај мажите кога танцуваат соло, особено за време на свадбените прослави.

Чочекот потекнува уште од отоманското време и е пренесен низ генерациите. Нема стандардна форма на танцување и затоа се игра на различен начин. Не е неопходно да се чувствува ритамот на другиот или, пак, да се имитираат движењата, туку, едноставно, импровизацијата на сопствените движења во согласност со ритамот даваат дополнително и поголемо задоволство додека се танцува и, секако, експресијата кај гледачите се доживува како уживање.

## Танцот „Talava“

Талава во превод на ромски јазик значи „под рака“ и е стил на музика што потекнува од Ромите кои го говорат албанскиот јазик, а се присутни во Косово, Србија и Северна Македонија. Овој стил на музика претставува еден вид на танцовата игра чочек, со тоа што при играта талава повеќе акцент се става на движењата на рацете и нозете, така што нивното движење е малку побавно отколку кај чочекот, кај кој посебно се истакнува стомачниот танц и има малку побрз ритам.

Овој музички стил, покрај инструменталната, опфаќа и вокална музика. Во инструменталната музика најмногу доминираат дајрињата како инструменти, додека, пак, во вокалната музика доминира долгата импровизирана песна со посебни извици: „а-а-а-а-а“, „аман, аман“, „оф, оф“ и сл., кои немаат стандардна форма и структура на пеење.


ОФ, ОФ!
АМАН, АМАН!

# ТРАДИЦИОНАЛНА РОМСКА НОСИЈА ЧИНТИЈАНИ

Називот на традиционалната женска ромска носија во Република Северна Македонија е „чинтијани“ (čintijani). Тоа е дводелна носија составена од широки женски панталони и елек (mintan).

Женските широки панталони се направени од тенка ткаенина и за нивна изработка потребни се од 8 до 12 метри материјал, каде што половината на жената е врзана со врвца за врзување (учкур). Елекот, односно минтанот, на жената имал кратка форма, најчесто без ракави. Во некои предели од Република Северна Македонија жените носеле и елек направен од срма. Под елекот, жените носеле тенка прилепена кошула (gad) на телото. Наместо јака, женската кошула имала ситно сошиена орнаментика направена од ојки (ojave). Дополнително, постарите жени носеле и црвена скутина (bovča) со бели прави линии, која ја означуваат жената како храбра и плодна мајка, а ја врзувале на колковите.

Во минатото, оваа носија била дел од секојдневието на жените Ромки, со што имале комоција при движење, седење и прекрстување на нозете. Сега, оваа женска традиционална носија се носи единствено за време на свадбениот период, каде што, секако, изработени се и понови модели и варијации на чинтијаните.



# ЕРДЕЛЕЗИ/ЃУРЃОВДЕН РОМСКИ ТРАДИЦИОНАЛЕН ПРАЗНИК

Прославата на Ѓурѓовден/Ерделези претставува голем настан кај ромската заедница во Република Северна Македонија, па и пошироко на Балканот, бидејќи тие го сметаат за „свој празник" (Amaro dive) и за голем ден (Baro dive). Овој празник Ромите го прославуваат од шести до деветти мај, а ден претходно се посетуваат култни места од каде што извира изворска вода. Во Шуто Оризари, Ромите сè уште го одбележуваат и втори мај, денот на „шампионското јагне".

Се верувало дека со одбележувањето на празникот завршува зимата и почнува летното време како можност за нова работна сезона што ќе обезбеди поголем бериќет во текот на годината. Овој празник претставува семеен и колективен настан, каде што на спонтан начин колективот го прославува празникот на јавните површини.

Во 2017 година, УНЕСКО го запиша празникот Х'дерлез (Ерделези) во листата на нематеријално културно наследство како празник во Република Северна Македонија и Турција.
Овој празник е опеан и во народната песна „Sa o Roma, daje" (Сите Роми, мајко), која стана планетарно позната преку композиторот Горан Бреговиќ, а во интерпретација на ромската пејачка од Скопје, Васка Јанковска.



# РОМСКА СВАДБА

Свадбата (bijav) како институција во ромската заедница претставува најважен обред на премин на личноста од еден социјален статус во друг: bekjari – džamutro – rom (момче – младоженец – маж), односно: čhaj – bori – romni (девојка – невеста – жена).

Свадбениот период што трае околу една седмица може да се согледа низ призмата на обреди и обичаи: teli (невестински тантели), каносување и дарување невеста, ритуално играње со сито, игранка со чинтијани, alaj (поворка по невеста), внесување на невестата во домот на младоженецот, блага ракија, зетот на јајца и други обреди и ритуали.

Невестата е централниот лик на целиот свадбен обреден комплекс, бидејќи како стожер се појавува речиси во сите обреди. Па, така, целта на практикувањето на обредите во свадбениот обреден комплекс најмногу се однесува на заштитата на невестата од зли духови, кои можат да ѝ напакостат, како и од уроци. Кога станува збор за невестата, треба да се потенцира дека нејзината девственост, односно невиност, и понатаму се почитува во рамките на свадбениот обреден комплекс. Оттука, може да се истакне дека свадбата претставува „институција“ со која се воспоставува брачна врска помеѓу двајца младенци. Во текот на свадбениот период, најмногу е застапено танцувањето на жените облечени во чинтијани на ромска традиционална музика.



# КОВАЧКИОТ ЗАНАЕТ КАЈ РОМИТЕ

Занаетчиството кај Ромите било основната економска моќ за егзистенцијата на овој народ уште од најстарите времиња и се смета дека тоа е нивниот вроден талент. Најраспространет занает што го извршувале Ромите било ковењето железо и затоа тие биле познати како најдобри ковачи. Постојани или стационирани ромски ковачки работилници имало во сите поголеми македонски градови, а ги имало и во некои од поголемите села. Постои и ромска изрека: Kote isi orači, othe isi kovači („Каде има орач, таму има и ковач").

Овој занает не само што придонесувал за егзистенцијата во заедницата туку дал и значаен придонес во развојот на севкупната металургија и разработка на железо. Огнот во ковачките работилници се разгорувал со помош на воздухот од ковачкиот мев (mihani, pišoti). Како втора главна ковачка алатка е наковалната (amuni). Таа се прави од ковано железо и челик. Тоа е нивната најпотребна и најскапа алатка. Преостанатите ковачки алатки се: голем чекан (токмак) или čuk (клешти од 4 кг тежина), мал чекан (sviri – од половина килограм), клешти (silavija) за вадење и држење на усвитеното железо, корито (balani) со вода за ладење на усвитеното железо и мокрилка (vratula) за гасење на огнот во огништето.

Во минатото, овој занает бил еден од најраспространетите, а сега со овој занает работат само неколку семејства, а некои, пак, работилниците ги чуваат за домашна употреба. Во Старата скопска чаршија, на ковачката улица функционираат само три ковачки работилници.



# ТЕАТАРОТ И СПОРТОТ КАЈ РОМИТЕ

## Театарот кај Ромите

Од областа на театарот, значаен придонес во севкупната југословенска и македонска театарска сцена дал ромскиот театар „Пралипе“ и режисерот Рахим Бурхан, поставувајќи нови експериментални форми во театарската уметност, засновани врз ромската историја, фолклор и традиција. Театарот „Пралипе“ од 1991 година работел во Германија во рамките на театарот „Андер Рур“, сè до крајот на деведесеттите години на 20 век. Култниот режисер Рахим Бурхан и понатаму режира театарски претстави низ различни европски театарски продукции.

Во Република Северна Македонија опстојува Ромскиот театарски фестивал „Garavde Muja“, кој во 2024 година ќе се организира по 21 пат од страна на здружението „Романо Ило“ од Скопје.

**Познати ромски актери:**

**Неџо Осман** –дипломиран актер во класата на Раде Шербеџија во Нови Сад. Добитник на меѓународни награди, меѓу кои и наградата „Златен лаворов венец“. Во моментот работи во театарот ТКО во Германија со режисерот Нада Кокотовиќ.

**Северџан Бајрам** – филмски актер. Носител на главните улоги во филмовите: „Џипси меџик“, „Црна мачка – бел мачор“, а се појавува и во филмовите: „Трето полувреме“, „До балчак“, „Млечниот Пат“ заедно со Моника Белучи. Добитник на наградата „Голема ѕвезда на македонскиот филм“ во 2021 година.



**Емра Куртишова** – филмска и театарска актерка, позната како Исаура во серијата „Преспав“. Работи во Театар за деца и млади.

**Санела Емин** – филмска и театарска актерка, добитник на многубројни награди во земјата и странство.

## Спорт

**Мемо Сулејманов** е основоположник на маратонското трчање во Северна Македонија и долгогодишен републички рекордер во повеќе атлетски дисциплини. На државното првенство во Белград во 1946 година го освојува второто место во дисциплината трчање маратон. Останале евидентирани неговите републички рекорди со што бил неприкосновен на атлетските дисциплини на 1.500, 3.000, 5.000 и 10.000 метри. Во 1949 година бил прогласен за еден од најдобрите десет спортисти во земјата. Почина во 1984 година.

**Вели Мумин** е македонски боксер со ромско потекло. Тој трипати го освоил „Златниот гонг“ и двапати бил прогласен за спортист на годината. Во 2006 година го освоил бронзениот медал на Европското првенство. Во својата кариера, тој има боксувано на преку 250 меча, од кои победил на преку 200. Мумин е добитник на орден за заслуги и афирмација.

# КРАТОК МАКЕДОНСКО-РОМСКО РЕЧНИК

| Македонски | Ромски | Транслитерација на кирилско писмо |
|---|---|---|
| Јас се викам Рахми. | Miro anav si Rahmi. | Миро анав си Рахми. |
| Денеска ќе одам во Битола. | Avdive ka džav ani Bitola. | Авдиве ка џав ани Битола. |
| Ти живееш во Тетово? | Tu dživdineja ano Tetovo? | Ту џивдинеја ано Тетово? |
| Морам да учам! | Zaruri si te sikljovav! | Заруруи си те сикљовав! |
| Факултетот се наоѓа до мојот дом. | O fakulteti si paše dži miro kher. | О факултети си паше џи миро кхер. |
| Имам пријатели во Германија. | Siman amala ki Germanija. | Симан амала ки Германија. |
| Мојот омилен пејач е Бернат. | Miro manglo giljavutno si o Bernati. | Миро мангло гиљавутно си о Бернати. |
| Голема свадба ќе направам. | Baro bijav ka kerav. | Баро бијав ка керав. |

| | | |
|---|---|---|
| Мојот помал брат има петнаесет години. | Miro potikno phral si ole dešupandž berša. | Миро потикно пхрал си оле дешупандж берша. |
| Колегата од работа е многу добар. | O kolega tari buti si but šukar. | О колега тари бути си бут шукар. |
| Извинете, колку е часот? | Jetisar, kozom si o ari? | Јетисар, козом си о ари? |
| Застани! | Ačhov! | Ачхов! |
| Девојката е убава! | I čhaj si šuži! | И чхај си шужи! |
| Момчето е паметно! | O čhavo si gogjaver! | О чхаво си гоѓавер! |
| Небото е сино. | I xavaj si vunato. | И хавај си вунато. |
| Земјата е зелена. | I čhaj si šuži! | И чхај си шужи! |
| Тркалото е црвено. | I rota si loli. | И рота си лоли. |
| Ромите се граѓани на светот. | E Roma si sumnaleske dizutne. | Е Рома си сумналеске дизутне. |

По повод

**Меѓународниот ден на Ромите, 8 април**

Изработено по текст на м-р Даниел Петровски

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија.
Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Даниел Петровски
и не мора да ги ги одразува ставовите на Европската Унија.

Април, 2024